УЖ-3.бр.998/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - Претседател на советот и судиите Дијана Димитрова и Фани Илиевска - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот МЕТАЛКОМЕРЦ ДООЕЛ од Кочани, изјавена преку полномошник Елизабета Илиева, адвокат од Кочани, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1145/2018 од 03.05.2019 година, за избор на најповолна понуда, на седница на советот одржана на ден 02.09.2020 година, донесе

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот МЕТАЛКОМЕРЦ ДООЕЛ од Кочани, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1145/2018 од 03.05.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1145/2018 од 03.05.2019 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителот МЕТАЛКОМЕРЦ ДООЕЛ од Кочани, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-334/6 од 30.05.2018 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот преку полномошник Елизабета Илиева, адвокат од Кочани, поради погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи и побиваната пресуда се преиначи на начин што тужбеното барање се усвои и тужениот се задолжи да му ги надомести трошоците на постапката во износ од 7.800, 00 денари или истата се укине и предметот се врати на повторно одлучување.

Тужениот орган поднесе одговор на жалба во кој наведува дека останува при наведеното во образложението на побиваното решение.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорот на жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Видно од списите приложени кон предметот, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучувајќи по поднесената жалба на жалителот

МЕТАЛКОМЕРЦ ДООЕЛ од Кочани донела Решение бр.09-334/6 од 30.05.2018 година, со кое со став 1 од диспозитивот, жалбата ја уважил, со став 2 од диспозитивот - тендерската документација изготвена по Огласот за барање за прибирање на понуди бр.05-180/3/2018, за набавка на стоки-набавка на ситен инвентар, алати и други материјали за тековно одржување на договорниот орган СОУ Гошо Викентиев Кочани, го поништил, а со став 3 го поништил Огласот за барање за прибирање на понуди бр.05-180/3/2018, за набавка на стори-набавка на ситен инвентар, алати и други материјали за тековно одржување на договорниот орган СОУ Гошо Викентиев Кочани и со став 4 се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на жалителот во износ од 250,00 денари на име административна такса и надомест за водење на жалбена постапка во висина од 6.150,00 денари во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Со став 5 ,барањето за исплата на адвокатски трошоци во износ од 7.800,00 денари за состав на жалба и за состав на полномошно, го одбил како неосновано. Според став 6 Договорниот орган е должен да постапи по решението на Државната комисија, во спротивно ќе се смета дека не е спроведена постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со Законот за јавните набавки. Со став 7 Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно.

Незадоволен од решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-334/6 од 30.05.2018 година тужителот повел управен спор пред Управниот суд кој постапувајќи по тужбата донел пресуда У-5.бр.1145/2018 од 03.05.2019 година, со која ја одбил како неоснована тужбата на тужителот со образложение дека во конкретниот случај тужениот орган правилно го применил материјалното право.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и истата содржи доволно причини за решителните факти од кои се раководел судот при донесувањето на одлуката и е во согласност со Законот за јавните набавки.

Имено, согласно членот 221 ставови 1 и 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07 ... 120/16), ако договорниот орган по приемот на жалбата најде дела истата е делумно или во целост основана може постојната одлука да ја стави вон сила, односно да донесе нова одлука или да ја поништи постапката за доделување на договор за јавна набавка, да го исправи дејствието, да го преземе дејствието што го пропуштил или да спроведе нова постапка за доделување на договор за јавна набавка, со известување на учесниците во постапката на начин пропишан со овој закон, во рок од пет дена од приемот на жалбата. Договорниот орган кој ги користи овие овластувањата е должен за тоа да ја извести Државната комисија со доставување на новата одлука, односно докази за доставување на истата на жалителот.

Согласно членот 228 став 7 од Законот за јавни набавки, во случај на целосно усвојување на жалбата договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци на постапката.

Во членот 68 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15), е регулиран начинот на распределбата на трошоците во управната постапка.

Вишиот управен смета дека во конкретниот случај, Државна Комисијата за жалби по јавни набавки правилно постапила кога жалбата на тужителот ја уважила и одлучила на начин наведен во диспозитивот на оспореното решение. При тоа правилно Управниот суд оценил дека на сега тужителот му следува надомест само за трошоците во износ од 250,00 денари на име надомест на административна такса и износ од 6.500,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, но не му следуваат трошоци за состав на жалба и полномошно, од причина што за трошокот за состав на жалба не биле доставени докази дека бараниот износ бил платен, додека за состав на полномошно согласно Адвокатската тарифа не е предвидено да се плаќа надомест доколку полномошникот ја застапува странката во постапката.

Имајќи го предвид наведеното Вишиот управен суд ценејќи ги жалбените наводи кои се однесуваат на трошоците на постапката за состав на жалба и полномошно, оцени дека се неосновани и без влијание за донесување поинаква одлука.

Предвид на наведеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 7-а од Законот за управните и член 357 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 02.09.2020 година под УЖ-3.бр.998/2019.

Записничар - судски соработник
Милка Стефановска Трпевска с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/ЛС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE SHKUP

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник
Р. Тодоровска